РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 12-1796/2016
04.04 2017 год.
СКОПЈЕ

Друштво за сметководствени и менаџмент консултантски активности
АМЕРИКАН КОЛЕЏ КОНСАЛТИНГ
ДОО Скопје

| Примено: 06.04.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 08/1 | | |

Врз основа на член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, („Службен весник на Република Македонија" број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), член 19 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16 и 127/16) и член 6 од Правилникот за начинот на верификација на средното училиште и за начинот на водење на регистрите („Службен весник на Република Македонија" број 81/07 и 98/13), министерот за образование и наука донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за верификација на условите за реализација на Наставниот план и наставните програми за гимназиско образование во приватно средно училиште „АМЕРИКАНСКА ГИМНАЗИЈА СКОПЈЕ" Скопје

1. Се верифицираат условите за реализација на Наставниот план и наставните програми за гимназиско образование во приватно средно училиште „АМЕРИКАНСКА ГИМНАЗИЈА СКОПЈЕ" Скопје.

Архивски знак: 0302
Рок на чување: тр.
06.04. 2017 година
УЧА

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## Образложение

Комисијата за верификација на условите за реализација на Наставниот план и наставните програми за гимназиско образование во приватно средно училиште „АМЕРИКАНСКА ГИМНАЗИЈА СКОПЈЕ" Скопје, формирана со Решение УП1 бр.12-1796 од 09.09.2016 година, изврши непосреден увид на ден 27.03.2017 година во училиштето, со цел да ја утврди исполнетоста на условите за работа.

Врз основа на извршениот увид Комисијата со извештај УП1 бр.12-1796/2016 од 29.03.2017 година констатира дека се исполнети условите за верификација согласно Законот за средно образование образование („Службен весник на Република Македонија" број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16 и 127/16) и Правилникот за начинот на верификација на средното училиште и за начинот на водење на регистрите („Службен весник на Република Македонија" број 81/07 и 98/13), и предложи да се верифицираат условите за реализација на Наставниот план и наставните програми за гимназиско образование во приватно средно училиште „АМЕРИКАНСКА ГИМНАЗИЈА СКОПЈЕ" Скопје.

Упатство за правно средство: Против ова Решение основачот има право на жалба до Владата на Република Македонија, во рок од 15 дена од денот на добивањето на Решението.

М И Н И С Т Е Р
Pishtar Lutfiu

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
3
СКОПЈЕ

Доставено до:
- училиштето

изготвил: Мирјана Јордановска
прегледал: Дана Бишкоска
одобрил: Safet Neziri